Општина Радовиш
број 35-60/5
дата 06.03.2023 год.

До
**Герасим Андолиев**
**ул."Гоце Делчев" бр.36,**
**2420 Радовиш**

**Предмет:** Одговор по барање наш бр. 35-60/1 од 10.01.2023 година
ваш бр. нема од 10.01.2023 година

Во врска со вашето барање за слободен пристап на информации од јавен карактер, ви доставуваме одговор на вашето барање по пошта на адреса ул. "Гоце Делчев" бр.36, 2420 Радовиш.

Во прилог: Решение

Овластено лице од
Имателот на информации
во општина Радовиш
Весна Конзулова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА "УПРАВЕН ОРГАН" ОПШТИНА РАДОВИШ

# ОПШТИНА РАДОВИШ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАДОВИШ
Бр. 35-60/4
06.03. 2023 год
Радовиш

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 05/02), а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/2019) и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/15), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот Герасим Андолиев со живеалиште во општина Радовиш, адреса ул. "Гоце Делчев", бр.36, со наш архивски број 35-60/1 од 10.01.2023 година, Општина Радовиш го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

1. Барањето од **Герасим Андолиев** со живеалиште во општина Радовиш, адреса ул. "Гоце Делчев", бр.36, со наш архивски број 35-60/1 од 10.01.2023 година, **СЕ УВАЖУВА.**
2. Ова Решение влегува во сила со денот на негово донесување.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер, а во врска со член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на барателот **Герасим Андолиев** со живеалиште во општина Радовиш, адреса ул. "Гоце Делчев", бр.36, со наш архивски број 35-60/1 од 10.01.2023 година, Општина Радовиш **со ова Решение го уважи Барањето.**

Во таа насока, а по претходно постапување на одделението за јавни набавки на Општина Радовиш, во прилог на ова Решение доставуваме документи од постапката за јавна набавка:

1. Договор за набавка за ангажирање на приватна агенција за привремено вработување на физички лица за потребите на општина Радовиш;
2. Образец на Понуда;
3. Техничка спецификација за набавка на избор на Агенцијата за 5 (пет) привремени вработувања за потребите на о.Радовиш за 2022 год.;
4. Одлука за избор на најповолна понуда за набавка на Ангажирање на приватна агенција за привремено вработување на физички лица за потребите на о.Радовиш;
5. Извештај од спроведена постапка;
6. Образец на записник од отворањето на понудите;
7. Табели со понудени цени.

Согласно наведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер -во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Овластено лице од
Имателот на информации
во општина Радовиш
Весна Конзулова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „ГРАДОНАЧАЛНИК" ОПШТИНА РАДОВИШ

**Градоначалник**
**Општина Радовиш**
**Аце Ристов**